**ИВАН КОТЕВ**

# СОЦИЈАЛНИТЕ МОТИВИ ВО РОМСКАТА НАРОДНА ПЕСНА ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Народната песна е непогрешив регистратор и индикатор на животот во сите негови сфери. Таа ги следи успесите и поразите, издигнувањата и падовите, можностите и немоќта како на поединецот, така и на општеството во целина. Верен придружник на човекот од исконот, песната го продолжува својот од паралелно со одот на човештвото. Во тој поглед и ромската народна песна не е никаков исключок.

Ромите, како етничка група, се граѓани на целиот свет. Подвижни и прилагодливи, тие во минатото буквално живееле во колите со кои се возеле, а нивните шатори ретко останувале на едно место. Денеска тие полека се адаптираат на општествената средина и живеат, во најголем број, во градовите, во одделни делови на градот.

Нешто поради наследените сфаќања, нешто поради можностите на пошироката општествена заедница, положбата на Ромите и понатаму не е битно подобрена. Ваквата состојба може да се окарактеризира како ″... продолжена игнорација на Ромите, како од аспект на нивната социо - економска положба, така и од аспект на општите и специфични културни и едукативни потреби. Ова резултира во фактичката неинтегрираност на припадниците на ромската популација во општетсвото од аспект на нивната рамноправна вклученост во сите општетсвени структури, нивната партиципација на различните нивоа на одлучување, учеството во власта, во културниот живот и во економијата.″[1]

Декларативно, Ромите се рамноправни, но фактички тие сеуште не се интегрирани во општеството во мера како во декларациите, па ако сакаме и во Уставот на Република Македонија. Локациите каде живеат Ромите најчесто не се комунално уредени, имаат лоша инфраструктура и ″... препознатливи се по нискиот стандард на живот, ниското едукативно ниво, отсусутво на елементарните здравствени стандарди...″[2]

Ниската стапка на вработеност, слабата квалификациона и образовна структура на ромската популација придонесува Ромите да се вбројат меѓу луѓето со најнизок стандард. Ваквата состојба се рефлектира и влијае и врз остварувањето и практикувањето на базичните права и слободи. Дури и правото на живот, ако се земе предвид фактот дека смртноста на доенчињата од ромската популација е многу повисока од вкупниот број умрени доенчиња во Републиката.

Невработеноста, лошата исхрана, несоодветната станбена и воопшто, севкупната состојба во која се наоѓаат поголем дел од Ромите придонеле да бидат нападнати од повеќе болести што најчесто резултирало со смрт. Сите тие состојби наоѓале и наоѓаат одраз во народната песна.

Не случајно ја одбрав оваа тема.

---

[1]Д-р Мирјана Најчевска, Ромите во Република Македонија, Зборник... 29-38.
[2] Исто, 30.

Социјалните проблеми претставуваат сложени прашања од животот на човешката заедница што бараат решение. Нивните корени лежат во расчекорот помеѓу општествено распоредените стандарди и општествените услови за живот - било во прашање да е растот на нивото на општетсвениот стандард, или пад на квалитетот на условите на општетсвениот живот.[3]

Социјалната тематика се среќава во сите песни од досега познатите класификациони структури од обредните, преку трудовите и семејните до љубовните песни.

Најчест мотив е сиромаштијата и тоа во нејзината најтешка форма - бедата. Тоа е социјално - патолошки процес и состојба во која, поради недостаток на средства неопходни за живот, загрозени се основните животни функции на човекот и репродуцирањето на неговите психофизички способности и работна сила.[4] Сиромаштијата ја дисквалификува личноста, влева синдром и чувство на помала вредност, огорченост и тага:

Дојде, мајко,нашиот празник,
нашиот празник, Ѓурѓовден,
сите Роми, мајко, јагне колат,
а јас сиромашниот од страна си гледам...[5]

Тоа остава траги во детската душа. Малите Ромчиња со жал констатираат дека сиромаштијата е нивниот придружник:

... сите Роми, тато јагне колат,
а ние, сиромашни, од страна си гледаме.[6]

Сиромаштијата често е испреплетена со смртта - или смртта на еден од родителите, или на двајцата, доведува до сиромаштија, или пак, сиромаштијата е причина за смртта. Во секој случај лексемата сиромаштија, сиромав, сирак е многу фреквентна во овој вид песни:

Умре, умре, боже бре,
мојот сиромашен брат,
умре, умре, боже бре,
мојот сиромашен брат,
и татко ми умре, аман,
сироти останавме...[7]

Овој плач, овој лелек не може, а да не остави силен впечаток на слушачот. Низ едноставните до елементарност искази е изразена и големата загуба, но и огромната љубов спрема мртвиот брат, татко и чичко.

Сиромаштијата понекогаш ја омекнува солидарноста и готовноста да му се помогне на својот роднина, пријател или другар:

Моите очи се влажни,
а моето срце тагува,
немам пари, бре,
свадба за да правам,
моите очи се влажни,

[3] Соц. лексикон, 607.
[4] Исто, 22.
[5] Трајко Петровски, Ромски народни песни, стр. 8.
[6]Исто, 9
[7] Исто 31, бр. 12

а моето срце тагува,
немам пари бре.[8]

Има ли поедноставно изразен очај и безнадежност? Радосниот чин што луѓето го чекаат со трепет во срцето е поматен од бедата. Но, има луѓе, браќа и собраќа кои знаат и умеат да внесат искра надеж. Помагаат и тешат, пеат и плачат, се радуваат и тагуваат заедно со оној на кој му помагаат:

Еве земи го златникот, брате,
твојата свадба да ја направиш,
ти немаш мајка, брате,
ти, брате, немој да плачеш.[9]

Силно потенциран социјален мотив, но и апотеоза на мајката среќаваме во една трудова песна каде сиот товар за каква - таква егзистенција паѓа врз мајката. Таа достоинствено се спротивставува на животните тешкотии, со што се стекнува со голема почит и љубов спрема своите деца. Од мали ги учи на трудољубивост, на работење, на издржливост:

Стани, мајко, на лозје да одиме,
ние грозје, мамо, да одиме,
од никаде пари немаме,
децата, мамо, леб бараат.[10]

Следува признанието и благодарноста кон мајката која, иако вдовица, останала столб на семејството:

... ти за нас, мамо, остаре,
нашиот татко не си го подгазила...[11]

Но, не сите мајки се исти. Има случаи кога мајката, од една или друга причина, а многу често и за гола егзистенција, ги напушта децата и тие остануваат сами и беспомошни. Од малечко оставено само, стуткано под стреите кои пропуштаат вода од обилните дождови, детето си ја проколнува судбината и својата мајка:

Од мал јас сум сиромашен,
Никој нигде, боже немам,
Оф, оф, оф, аха,
На сабајле мајка ми што прави,
Мајка ми се омажи,
Оф, оф, оф, ах, ах, ах,
Од малечок сиромав останав,
Никој нема кој да ме гледа...[12]

Во одредени песни се среќаваат мотиви за напуштени деца кои пораснале во домовите за незгрижени деца. Откако ќе пораснат и ќе ја напуштат установата во која пораснале тие се соочуваат со грубата реалност и прават реминсценции на својот штотуку заживеан живот. Оставени сами на себе, тие се прашуваат самите, а нивните прашања се истовремено и осуда на несовесните родители:

Од малечок сиромав останав,

---

[8] Исто, 58, бр.43
[9] Исто.
[10] Исто, 78, бр. 64
[11] Исто.
[12] Исто, 93, бр. 81

Сиромав останав, во дом сум пораснал,
Сиромав останав, во дом сум пораснал,
Каков татко сум имал, каква мајка имав,
Во дом ме оставија, сиромав пораснав...[13]

Овие песни обилуваат со еден нежен лиризам кој предизвикува силни емоции. Едноставниот, но искрен исказ преточен во стих и песна остава силен впечаток. Тагата по изгубениот татко прераснува во елегија достојна за големите пера:

Се разболе татко ми,
ќе умре, ќе умре,
моите сестри сиромашни,
ќе ги остави, луѓе,
мојата малечка сестричка,
плаче, плаче, својот татко си го бара.[14]

Болеста како мотив, исто така е присутен во ромската народна песна. Осврнувајќи се на овој мотив, д-р Трајко Петровски ќе потенцира дека најраширени болести биле белодробната туберколоза (вереми), чир во стомакот, менингитис и карциномот.[15] Овие заболувања резултираат од ″... беден живот, лоши хигиенски услови, тешки работни услови, слаба исхрана, лоши станбени услови итн. Посебно бргу се разболувале оние Роми чие занимање било амалакот (носачи) и уличните чистачи на чевли.″[16]

Медицинската наука овие болести ги вбројува во таканаречените социјални болести.[17] Низ овие песни провејува жалта за животот, за изгубената младост, а до израз доаѓаат физичките и душевните страдања како на болните, така и на нивните блиски и домашни.

Туберколозата била чест гостин:

- Се разболе, мамо,
мојата мила сестра.
Ја однеле, мамо,
леле, на рентген.
Докторот рече:
црна туберколоза.[18]

Во голем број случаи болеста не може да се лекува затоа што нема пари.

Песните од ова а група се набиени со емоции. Болниот ја чувствува смртта, а неговите блиски кршат раце, не можат да му помогнат.

Печалбарството, таа вечна тема во песните кај сите балкански народи, е присутна и во ромската народна песна. Борбата за гола егзистенција принудувала, и се уште принудува голем број мажи и жени да ја напуштаат родната грутка, фамилијата, своите најблиски и да одат во туѓина за парче леб. Во случајов станува збор за песна веројатно од поново време затоа што се спомнува Италија:

Отидов, отидов, мамо,
отидов, отидов, мамо,
во големите градови јас,

---

[13] Исто, 124, бр.117
Т.Петровски, Ромски народни песни од Македонија....,18, бр. 2
[15] Т. Петровски, Мотивот болест... Мак. Фолклор,195-198, 195.
[16] Исто,195.
[17] Социол. лексикон, 611.
[18]Трајко Петровски, мотивот....197

во големите градови, мамо ле слатка,
во Италија, мамо мори,
во таа голема Италија.
.....................................
... отидов, отидов да спечалам,
отидов да спечалам,
пари за татко ми да донесам,
да купам, бабо, да купам,
на татко ми една колиба.[19]

Има случаи печалбарот да не се врати, познат сижет и во македонската народна песна. Тоа може да се должи на болест, или на можноста печалбарот таму да се оженил. Во секој случај, следува распаѓање на семејството:

Пред да отидеш таму, тате,
Ти беше јак како камен,
Сега си болен,
А јас сум несреќен,
Твојата слика ја гледам,
За тебе јас плачам.[20]

Во една друга песна детето, кое дури ни не го познава својот татко, има една толку скромна, човечна, голема детска желба:

Дојди татко, врати се,
Да ти ја љубам раката,
Одеднаш да те загрнам,
Да ја осетам јас среќата.

Ај, ај, јас сиромав,
Ај,ај, немам никого.[21]

И печалбарите копнеат по родниот крај, за фамилијата, за празниците:

Ерделез авела,
ме кере на сиум,
ме кере на сиум,
ки туѓина ѓељум,
ме чхавен да паре андо!

(Ерделез доаѓа,
јас дома не сум,
јас дома не сум,
јас во туѓина сум,
да печалам -
на децата пари да носам!)[22]

Нарушените односи во фамилијата, било поради пијанство, било поради малтретирање на жената, исто така се мотив во ромската народна песна. Младиот маж се кае за грубото однесување и физичко малтретирање над својата бремена жена, но веќе е доцна. Таа го абортира нивното дете:

Ја однесоа, мамо, во капела,
ја срушија, мамо, како јагне,

[19]Т. Петровски, Ромски народни песни, 111, бр.102
[20] Исто, 125, бр.118.
[21] Исто, 172, бр. 169
[22] Информатор:Рамиз Џаферов, Струмица

со крваво дете ја извлекоа,
тешко мене, мамо, што сторив,
мојата млада жена ја истепав,
мојата млада жена ја истепав.[23]

Во една друга песна децата остануваат и без мајка и без татко затоа што татко им оди со други жени:

А бре, стари тате,
многу ти работиш,
парите ти каде ги даваш,
по други жени ти гледаш.[24]

Како мотив се среќава и разводот. Страдаат и разведените сопрузи, но најмногу страдаат нивните невини деца.

Напуштениот сопруг ја проколнува жената која го напуштила:

... куќата ми ја запусти,
моите деца ги расплака,
моите деца ги расплака, мајко,
многу фамилии растури...[25]

Во друга песна со слична тематика децата се обраќаат кон својата мајка која ги напуштила и ги оставила со татко им, алкохоличар:

Нели се срамиш, мамо,
Од луѓето,
Ти нас да не оставиш,
Со татко ми да живеам јас,
Мојот татко многу пие,
Дома леб не носи,
Со моите малечки браќа,
Ние леб бараме.[26]

Просењето како начин на живот на една категорија невработени луѓе се карактеризира со барање милостина од другите, повикувајќи се на вистински или измислени потреби. Просењето е најраширено во градовите.[27]

Некогаш Ромите просеа и по селата.

Иако оваа форма на егзистенција полека се намалува, далеку сме од искоренувањето, останале рефлексии во народната песна:

Од куќа до куќа одам,
пари барам,
за моите сиромашни деца,
леб немаат,
не, не, не сакам јас,
не сакам пари,
леб да купам јас.
Цела ноќ моите деца,
гладни спијат,
гладни спијат...[28]

Навистина, само крајна нужда можела да го натера човека да ја подаде раката и да бара милостина. Тоа убаво го илустрираат горните стихови.

---

[23] Т. Петровски, Ромски народни песни од Македонија, 27, бр. 9
[24] Т. Петровски, Ромски народни песни, 50, бр.34
[25] Исто, 80, бр.66
[26] Исто, 120, бр. 112.
[27] Соц. лексикон, 508
[28] Т. Петровски, Ромски народни песни од Македонија, 87, бр. 58

Како дете, авторот на овие редови слушаше една тажачка ромска песна што се пееше и во превод. Песната пееше за ромските шатори, за полјаната на која се собираат Ромите, за тагата на нивните лица поради смртта не едно дете од нивниот камп и за младата мајка која жално го плаче својот мртов син:

-Ој Циганче на мама, на мама,
убаво ми просеше, просеше;
Убаво ми просеше, просеше,
п′на торба носеше, носеше.[29]

Присутен е и мотивот инцест, појава, која иако ретка, сепак е присутна во животот на луѓето. Инцестот, иако забранет и морално и правно, се манифестира во разни форми. Оваа појава, ако се открие, бива силно осудена како од средината, така и од надлежните органи:

Ајде со мене во чаршија,
да ти купам црно грозје,
да ги љубам, тате, твојте црни очи.
Покажи ми го твоето срце,
да ти ја фатам дојката,
немој бре тате, срамота е,
срамота е, гревота е,
маж ми е војник,
војник е, на гурбет е.[30]

Народната песна - тоа е народниот живот во сите негови форми и со сите негови манифестации. Во едно кратко излагање не може да се напише и каже за сите социјални мотиви конкретно, во ромската народна песна. Ова мое излагање нека биде само поттик на истражувачите на ромскиот фолклор воопшто и на ромската народна песна посебно за систематско проучување и систематизирање на обемната фолклорна градба.

Се разбира дека во идните песни што ќе ги творат Ромите, а ќе творат, некои од мотивите што ги наведов нема да се појават од едноставна причина, што животот на Ромите, во глобални рамки, се подобрува. Денеска голем дел од ромската популација, конкретно во Струмица, се занимава со продажба и препродажба на најразлични видови стока. На пазарите се главни, иако понекогаш имаат проблем со органите на редот.

Голем број Роми, како и Македонци и други, поради невработеност добиваат социјална помош, со што, колку - толку се овозможува една живеачка. Да се надеваме дека утрето ќе биде подобро и побогато.

*Струмица, 14.04.2004*

[29] Песната ја цитирам по сеќавање
[30] Т. Петровски, Ромски народни песни од Македонија, 60-61, бр.35.